МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје


# Образованието во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Ивана Петкуќеска, ИДСЦС
Марија Теговска, ИДСЦС

**Подготовка**
Ивана Петкуќеска, ИДСЦС

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

## Содржина


Листа на кратенки ... 3

**Вовед ... 4**

**Општи информации за програмите ... 5**

**Како и колку се спомнува образованието ... 6**

**Понуда и предлози за образованието ... 7**

Подобрување на правната рамка ... 7

Јакнење на институционалните капацитети со цел поквалитетно образование ... 8

Финансиска поддршка на образованието ... 10

**Заклучоци ... 12**

Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите ... 13


## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ДД | Демократска десница |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| НДУ | Национална демократска унија |
| ЛДП | Либерално-демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјал демократски сојуз на Македонија |
| ПОДЕМ | Партија на обединети демократи на Македонија |

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за образованието.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Со овој извештај се земени во предвид деловите од програмите на политичките партии кои се однесуваат на предложени политики во сферата на образованието.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

# Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Како и колку се спомнува образованието

Важноста на образованието и потребата од негово постојано унапредување преку различни мерки е дел од програмата на сите политички партии кои доставиле предизборна програма.

Образованието се спомнува во сите понудени програми. Во својата програма, најмногу внимание на ова прашање имаат посветено ВМРО-ДПМНЕ, потоа СДСМ , но на ова прашање солидно внимание посветуваат и ЛДП, како и ПОДЕМ. Од партиите од албанскиот политички блок, во чии програми е исто така застапено ова прашање, сепак најзастапено е кај ДУИ.

Од сите 12 анализирани политички партии чија програма е достапна, сите со исклучок на ДПА имаат посебен дел  за образованието во истата. Воедно, поголемиот дел, односно 8 од 12 политички партии, презентирале конкретни мерки и предлози во насока на подобрување на квалитетот на образованието, и тоа основно, средно и високо образование, како и други методи на учење. Истовремено, постојано е нагласувана потребата и важноста од истото. Оние политички партии кои не презентирале конкретни предлози и мерки, ја истакнуваат важноста на образованието и застапуваат општ став дека ќе се залагаат за негово унапредување.

**Табела 2: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| Демокрација е ре | Образование, наука и технолошки развој | Да |
| ПОДЕМ | Нова економска визија за македонски подем-наука и модерен образовен систем - квалитетно образование и знаење | Да |
| СДУ | Развој - Образование и наука | Да |
| ВМРО-ДПМНЕ | Македонија -земја на знаење | Да |
| ДУИ | Образование и наука | Да |
| СДСМ | -Образовани и здрави граѓани - Иднината е во образованието | Да |
| ЛДП | Економска модернизација на земјата - Со правилно образование до квалитетно знаење | Да |
| НДП | Образование, наука и култура | Не |
| ОМ | Образование и наука | Да |
| ДД | Образование- создавање на пазар на работна сила; вложување во наставничкиот кадар; мобилност во рамки на ЕУ | Не |
| НДУ | Образование, култура, наука и здравство | Не |
| ДПА | / | Не |

## Понуда и предлози за образованието

Политичките партии имаат многу слични погледи за важноста на образованието за едно развиено општество како и потребата од негово постојано унапредување. Но во програмите на сите партии можат да се забележат различни идеи и предлози, а постои и различен пристап и начин на кој според нив треба да се унапреди и зајакне образовниот систем.

## Подобрување на правната рамка

Од сите политички партии кои имаат доставено програма, во програмата на 5 од политичките партии се спомнуваа подобрување или надградба на законската рамка во смисла на понатамошно зајакнување на капацитетот на образовниот систем во државата. Надградување и зајакнување на законската рамка предвидуваат СДСМ, ПОДЕМ и Демократска десница, додека пак ЛДП предвидува проверка и измена на веќе донесени закони, а ДУИ предлага измени на законската регулатива. Во програмите на останатите партии не се предвидени конкретни мерки со кои бе се подобрила правната рамка.

**Табела 3: Предлози во изборните програми за подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Надградување на законодавството кое влијае врз активностите и работата на здруженијата и фондациите, сојузите, коалициите, синдикатите, коморите со кои се гарантира слобода, независност, транспарентност и почитување на сите модерни демократски вредности за изразување на ставови, мислења и предлози (стр. 43). |
| ДУИ | - ДУИ ќе се ангажира за измените на законската регулатива за создавање на по поволни услови за нивното дејствување во централно, но и во локално ниво како и нивната соработка со меѓународните асоцијации. (стр. 65) |
| СДСМ | - Уште во првите сто дена Владата ќе подготви измени на законите кои се однесуваат на високото, средното, основното и предучилишното образование, на научно-истражувачката дејност и технолошкиот развој (стр. 79)<br>- Ќе ја прилагодиме Националната рамка на квалификации со европската заради полесна споредливост на стекнатите квалификации и поголема мобилност на работната сила. (стр. 81) |
| ЛДП | - Да се преиспита Законот за учебници во основно и средно образование.<br>- Да се поддржат сите законски одредби кои се во интерес на квалитетни изданија на учебници (стр. 63)<br>- Да се промени Законот за високо образование во делот со враќање на помлади асистенти да се избираат и без магистратура.(стр.67) |
| ДД | -Зајакнување на хармонизацијата и имплементацијата на ЕУ регулативата, рамката на квалификации и степени на образование, со користење на средствата од Европската Унија предвидени за оваа намена. ( стр. 33) |

## Јакнење на институционалните капацитети со цел поквалитетно образование

Јакнењето на институционалните капацитети е застапено во најголем дел од политичките програми на сите партии кои имаат изготвено програма.

Има разлики во понудените мерки, дел од партиите имаат конкретни мерки кои вклучуваат реконструкција и изградба на нови објекти, како што се факултети, средни и основни училишта (ВМРО-ДПМНЕ, СДУ, ПОДЕМ и ЛДП) со цел унапредување на образованието, додека други предвидуваат развој на образовниот систем преку различни мерки (ДУИ, СДСМ, ОМ). Најголемиот дел од тие мерки се за зајакнување на капацитетите на наставниот кадар, модернизација и компјутеризација на образовниот систем и подобрување на условите за учење и работа.

**Табела 4: Предлози /предвидени активности во изборните програми за јакнење на институционалните капацитети**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДУ | -Реконструкција на објектите и капацитетите на училиштата. (стр.33)<br>-Воведување на работно време во две смени за оние градинки каде има искажано потреба. (стр.33)<br>-Зајакнување на државниот фонд за научно-истражувачка дејност со тоа што конкурсите кои ќе се објавуваат ќе бидат отворени за сите. (стр.33) |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Ќе ја подобриме наставата преку подобрување на условите за работа во училиштата. (стр.200)<br>-Ќе ја подобриме безбедноста во училиштата. (стр.200)<br>-Реформирање на гимназиско образование. (стр.201)<br>-Унапредување на образовна инфраструктура (стр.201)<br>-Проект Центри за образование на возрасни (стр.203)<br>-Проект Меѓународно основно училиште (стр.203)<br>-Проект Јаградиме образовната инфраструктура (стр.203)<br>-Проект Градиме и реконструираме училишта (стр.204) |
| ДУИ | - Со цел на воспоставување на ефективна и продуктивна корелација со другите државни сектори, како што се:економијата, здравството, социјалната политика, културата итн., ДУИ ќе се обиде да создаде механизми во рамките на државните институции да ова линија на соработка и координација на активностите биде координирана, квалитетна и во функција на определените реформаторски политики. (стр53)<br>- По заокружување на процесот на децентрализација, ДУИ ќе се фокусира на органите во состав на Министерството за образование и наука да го започнат процесот на нивно трансформирање во независни агенции, кои ќе ги нудат нивните услуги во согласност со барањата на пазарот на трудот ( стр. 54)<br>- … основање на Владиното тело за креирање на финансиски политики во сферата на образованието ( стр. 55)<br>- … ќе се ангажира на локално ниво основа професионални единици кои ќе имаат за задача да го истражуваат пазарот на трудот, врз основа на анализи врз кои ќе се подготвуваат школски модули кои ќе продуцираат кадара според потребите на пазарот на трудот. (стр. 58)<br>- ДУИ ќе се ангажира државниот инспекторат за образование да се откаже до територијалното начело на функционирање, да развие индикатори преку кои ќе се врши интегралното оценување на образовните институции (стр. 59)<br>- За отворање на нови факултети со амбиции за промоција на регионална образовна политика, нудејќи атрактивни студиски програми и специфични за регионот, со амбиции да привлече студенти од регионот околу нас, надвор од Република Македонија. (стр. 60)<br>- Ќе се ангажира за основање на научни институции – ИНСТИТУТИ, кои ќе ја чуваат, култивираат и афирмираат националните особености и другите културни, книжевни, историски наследства на албанскиот народ, каде ќе бидат ангажирани афирмирани кадри и кадри кои произлегуваат од постоечките универзитети. (стр. 61) |
| СДСМ | - Ќе го формираме советот за финансирање и развој на високото образование во кој ќе доминираат претставници на академската заедница и кој ќе претставува клучно тело за распределба на буџетските средства за високото образование (стр. 79)<br>- Ќе обезбедиме поддршка на Одборот за акредитација и евалвација за негово етаблирање во деполитизирана, независна и професионална институција. Зачленувањето на Одборот |

| | |
|---|---|
| | во Европската Асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA) е наш императив кој на долг рок ќе обезбеди потврда и препознатливост на квалификациите стекнати во македонското високо образование (стр.80)<br>- Ќе ги преиспитаме диспензираните студии врз основа на воспоставените критериуми за квалитет, а за студентите запишани на диспензираните студии, што ќе мора да бидат укинати заради неисполнување на стандардите за квалитет, ќе обезбедиме поддршка за довршување на студиите во нивните матични факултети/универзитети (стр. 80)<br>- … . Во иднина Студентскиот парламент нема да биде единствената организација која ќе ги застапува интересите на студентите во универзитетот (стр. 80)<br>- Максимално ќе ги користиме можностите кои ги нуди JRC (Joint research center) на ЕУ во функција на институционално јакнење на нашите научни установи, особено во сегментот на проектен менаџмент. (стр. 81)<br>- Ќе формираме Совет за развој во Република Македонија, кој ќе биде составен од еминентни научници, успешни бизнисмени и претставници на власта и кој ќе ги определува правците за технолошки развој на државата заснован на истражувања. (стр.81)<br>- Заради водење на организирана грижа за најдобрите, ќе се формираат центри за работа со надарени млади во кои ќе се овозможи развој на способностите и талентот на младите преку реализација на сопствени истражувања. (стр. 83) |
| ЛДП | - Да се преиспита Законот за учебници во делот на издаваштвото и да се врати во издавањето на учебници кај издавачките куќи, со фер конкуренција без постоење на привилегирани издавачи. (стр. 63)<br>- Поддршка за отварање на вечерни училишта. (стр.63)<br>- Да се оневозможи Владата да се меша во високообразовната политика на универзитетите (стр.66) |
| ПОДЕМ | - Формирање на Медицински факултет, Архитектонски факултет и Филолошки факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, бидејќи смета дека се исполнети сите стандарди и критериуми за основање и акредитација на високообразовни институции од ваков тип (стр. 24)<br>-Основање на нови факултети и институти согласно потребите на државата и на бизнис заедницата (стр. 24)<br>- Можности врвните реномирани Универзитети од Европа и САД да реализираат високо-образовна дејност во РМ преку отворање на свои „единици“ во рамките на системот на високото образование (стр. 26) |
| ОМ | Формирање на независен непартиски одбор за акредитација на истакнати професори.(стр. 39)<br>Формирање на македонски центар за меѓународна соработка(стр.39)<br>Заедно со Агенција за вработување да се развијат програми за дополнителна едукација.(стр.39) |
| Демокрација е ре | -Создавање на дигитален центар на податоци за сите училишта и постојана дигитализација на училиштата, во администрирањето и во дидактичкиот дел(стр.14)<br>-НД се ангажира исто така и за изградба на модерни школски објекти со потребни простори за лабораториии.(стр.14)<br>-Отворање на средни училишта во сите населени места, според концептот-училиштето поблиску до ученикот.(стр. 14) |

## Финансиска поддршка на образованието

Во изборните програми простор наоѓаат и предлозите за (финансиска) поддршка на образованието. Слично како и за претходните подрачја кои се разработуваат во програмите дел од партиите презентираат општи заложби за унапредување, а дел конкретни мерки. Најголем дел од предвидените мерки се поврзани со зголемувањето на државниот буџет како и поддршка на различен тип на иницијативи, проекти и програми со што би се зголемил квалитетот на образовниот систем. Дел од партиите посветуваат внимание на финансиската помош за ранливите групи на граѓани и стипендирање на посебно надарени ученици и спортисти.

**Табела 5: Предлози во изборните програми за подобрување образованието**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Зголемување на средствата во државниот буџет наменети за образованието и науката, во апсолутна и релативна смисла, преку примена на принципот на јавно- приватно партнерство (стр. 23)<br>-Обезбедување бесплатен организиран превоз за сите ученици оддалечени од нивните училишта (стр. 24)<br>- Континуирано стипендирање и кредитирање на млади и талентирани средношколци и студенти, на тој начин поттикнувајќи го квалитетот на студирањето и зголемувањето на мотивацијата на младите луѓе за инвестирање во сопственото образование (стр. 25)<br>- Поддршка на секаков тип на иницијативи, проекти и програми за развој на системот на доживотно учење, како и доквалификација и преквалификација на тековните кадри, со цел ажурирање и надградување на постојните знаења, вештини, способности и компетенции на населението (стр. 25)<br>- Поддршка на научно- истражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер, со цел интензивно да се развива научната мисла, како и истата да се интернационализира во меѓународни рамки (стр. 26) |
| СДУ | - Стипендирање на талентирани ученици (стр. 33)<br>-Кредитирање на учениците на социјално загрозени семејства (стр.33) |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Стипендирање на талентирани ученици-спортисти (стр. 213)<br>-Финансирање на проектот Е-Дневник (стр.202)<br>-Стипендии за студирање во странство (стр.215) |
| СДСМ | - Постапно ќе го зголемиме одвојувањето од БДП за високото образование на 1% и за наука на 0,8%, што за неколку години ќе не приближи до европските препораки за одвојувањата за високо образование, за наука и истражување (стр.79)<br>-Ќе издвоиме дополнителни средства за унапредување на практичната работа и теренската практика на јавните високообразовни установи со што ќе обезбедиме целосна индивидуализација на студентите во текот на наставниот процес (стр.80)<br>-Ќе го подобриме студентскиот стандард преку воспоставување нови програми за стипендирање на ранливи/маргинализирани групи (талентирани студенти од рурални подрачја, студенти од помалите етнички заедници, лица со посебни потреби) (стр. 80).<br>-Ќе обезбедиме ваучери за студентите кои студираат надвор од местото на живеење за сместување во државните и приватните студентските домови во висина на сумата што се издвојува за студентски стандард со што ќе се овозможи правично сместување на студентите и ќе се елиминира коруптивниот систем на рангирање за сместување во студентските домови и трговијата со студентските сместувања (стр. 80)<br>-Ќе ја зголемиме поддршката за научно-истражувачки проекти и за создавање центри на извонредност. За да ги стимулираме младите за научно-истражувачка работа, ќе отпочнеме програми за стипендирање на докторски студии. Во сите научни проекти финансирани од државата ќе стои обврска за ангажман на одреден број студенти заради создавање на научен подмладок. (стр. 80)<br>- Државата ќе се јавува во својство на нарачател на мега истражувачки проекти од стратешки интерес кон научните и високообразовните установи со што ќе им овозможи активно учество во креирање на развојот на Република Македонија. (стр. 81)<br>-Максимално ќе ги користиме капацитетите на ETF (European Training Foundation) од која ќе очекуваме сериозен придонес во реформата и унапредувањето на системот на стручното образование и обука. (стр. 82)<br>-Ќе обезбедиме учебници и учебни помагала за сите наставни предмети (стр. 82) |

| | |
|---|---|
| | - Ќе ги кофинансираме проектите за интегрирано образование и ќе го зголемиме нивниот број во средините со мешан етнички состав. (стр. 83) |
| ЛДП | - Обезбедување средства од буџетот за сите ученици на кои тоа му е потребно, да ја добијат потребната опрема за непречено следење на наставата. (стр.62) |
| НДП | - НДП се ангажира за постојани инвестиции за унапредување на физичките услови во образовните институции во земјата (стр. 8)<br>-НДП се ангажира за систем на постојано и интензивно инвестирање за развој на образованието во сите нивоа, земајќи ги предвид за праведна и рационална дистрибуција на буџетските средства за таа цел (стр. 9)<br>-НДП се ангажира за пропорционална и праведна распределба на финансиите за јавните универзитети, пропорционално со бројот на студентите и изградба на партнерство приватно-јавен со најквалитетните приватни универзитети во земјата (стр. 9) |
| ОМ | - Посебна поддршка и финансирање на истакнати педагошки и научни работници.(стр.39) |
| Демокрациа е ре | Пропорционална распределба на буџетот за потребите на високото образование меѓу постоечките јавни универзитети, и зајакнување на слободната конкуренција меѓу јавните и приватните универзитети.(стр.15) |
| ДУИ | -Во училишните средини каде се воочува недостиг на просторни и инфраструктурни услови, овој политички субјект ќе се посвети на олеснителните даночни и процедурални<br>политики во правец на привлекување на приватен капитал,сметајќи ги како партнери во менаџирањето на функционирањето на училиштата ( стр. 55)<br>- ДУИ ќе се ангажира да создаде инфраструктурни услови за високите образовни институции на диспензираните програмски студии. (стр. 56)<br>- ДУИ ќе се ангажира да создаде институционални услови за идентификација на талентирани деца и поддршка и развој на нивниот талент (преку обезбедување стипендии и други форми на стимулирање). Во овој правец, ДУИ ќе се ангажира, буџетските средства поделени за стипендирање на учениците од оваа категорија се префрлат во општинските каси, како основачи на основните и средните училишта, пропорционално според бројот на учениците. (стр. 59) |

## Заклучоци

**1. Најголем дел од политичките партии го вклучуваат образованието во своите програми и нудат предлози за унапредување на образовниот систем.**

Сите политички партии со исклучок на ДПА го спомнуваат образованието како дел од својата програма. Најмногу го спомнуваат СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Следни политички партии кои посветуваат најголемо внимание на образованието се ДУИ и ПОДЕМ.

Во **осум од дванаесет програми** се **нудат одредени конкретни мерки** за унапредување на образовниот систем. Останатите ги имаат презентирано нивните ставови по ова прашање.

**2. Мал фокус на подобрувањето на правната рамка**

**Мал дел**, односно 5 од 12, од политичките партии **спомнуваат подобрување или надградба на законската рамка** во смисла на понатамошно унапредување на образовниот систем. Мерките кои се предвидени се во правец на унапредување и измена на веќе постоечката правна рамка.

3. **Јакнењето на институционалната рамка е опфатено со поголем дел од програмите**

**Поголем дел** од оние кои презентираа програми (8 од 12) **ветуваат мерки со кои ќе се овозможи или подобри институционалната рамка** во развивањето на образовниот процес. Дел од партиите имаат конкретни мерки кои вклучуваат реконструкција и изградба на нови објекти, како што се факултети, средни и основни училишта (ВМРО-ДПМНЕ, СДУ, ПОДЕМ и ЛДП) со цел унапредување на образованието, додека други предвидуваат развој на образовниот систем преку различни мерки(ДУИ, СДСМ, ОМ).

**4. Различни предлози за подобрување на финансирањето**

Зголемувањето на буџетот во областа на образованието како и финансирањето на најразлични сегменти во истото е дел од најголем дел од политичките партии, односно 9 од 12 партии со доставена програма. Генерално, финансирањето се однесува на зголемувањето на делот кој се одвојува од државниот буџет за стипендирање како и поддршка на различен тип на иницијативи, проекти и програми со што би се зголемил во квалитетот на образовниот систем. Постои согласност кај сите партии дека финансиската помош на ранливите групи, и стипендирање на посебно надарените ученици, и тоа во сите степени на образование, би придонело кон зајакнување на квалитет на образованието, а со тоа и прогрес на целата држава.

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Демокрациа е ре | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.